РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Кеј Димитар Влахов 4, II спрат
Центар, Скопје
Тел. 02/3220509

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**

Dimitar Vlahov 4, kati II
Qendër, Shkup
Tel. 02/3220509

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-1102/4
30.08. 2023 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 145 став (6) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21), директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за почеток со работа студиската програма од втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на англиски јазик, по „Безбедност, криптографија и кодирање“, на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на англиски јазик, по „Безбедност, криптографија и кодирање“, на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

### О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решение за акредитација бр.08-547/7 од 09.08.2023 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје се обрати со барање бр. 1136/25 од 15.08.2023 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, под наш бр. 08-1102/1од 16.08.2023 година, за утврдување на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на англиски јазик, по „Безбедност, криптографија и кодирање“, на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје.

Mbi bazë të nenit 145 paragrafi (6) dhe neni 227 të Ligjit për arsim të lartë ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr.82/18 dhe "Gazetës zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut"nr. 178/21), drejtori i Agjencisë për Cilësi në Arsimin e Lartë, sjell

## A K T V E N D I M

**për fillimin me punë të programit studimor të ciklit të dytë të studimeve akademike - studime pasdiplomike (60 SETK), në gjuhën angleze, nga "Siguria, kriptografia dhe kodimi", në Fakultetin e Shkencave Informatike dhe Inxhinierisë Kompjuterike pranë Universitetit "Shën Kirili dhe Metodi" në Shkup**

1. Me këtë Aktvendim përcaktohet se janë plotësuar kushtet për fillim me punë të programit studimor të ciklit të dytë të studimeve akademike - studime pasdiplomike (60 SETK), në gjuhën angleze, nga "Siguria, kriptografia dhe kodimi", në Fakultetin e Shkencave Informatike dhe Inxhinierisë Kompjuterike pranë Universitetit "Shën Kirili dhe Metodi" në Shkup.

2. Ky Aktvendim hyn në fuqi në ditën e miratimit të tij.

### A r s y e t i m

Pas marrjes së Aktvendimit për akreditim nr. 08-547/7 të datës 09.08.2023 nga ana e Bordit për Akreditim të Arsimit të Lartë, Fakulteti i Shkencave Informatike dhe Inxhinierisë Kompjuterike pranë Universitetit "Shën Kirili dhe Metodi" në Shkup i drejtohet, me kërkesë nr. 1136/25 të datës 15.08.2023, Agjencisë për Cilësi në Arsimin e Lartë, me numrin tonë 08-1102/1 të datës 16.08.2023, për përcaktimin e kushteve për fillimin me punë të programit studimor të ciklit të dytë të studimeve akademike - studime pasdiplomike (60 SETK), në gjuhën angleze, nga "Siguria, kriptografia dhe kodimi", në Fakultetin e Shkencave Informatike dhe Inxhinierisë Kompjuterike pranë Universitetit "Shën Kirili dhe Metodi" në Shkup.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Кеј Димитар Влахов 4, II спрат
Центар, Скопје
Тел. 02/3220509

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**

Dimitar Vlahov 4, kati II
Qendër, Shkup
Tel. 02/3220509

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр.08-1102/2 од 17.08.2023 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата, на ден 18.08.2023 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08-1102/3 од 24.08.2023 година, каде е наведено дека за студиската програма од втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на англиски јазик, по „Безбедност, криптографија и кодирање", на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Drejtori i Agjencisë për Cilësi në Arsimin e Lartë, me Aktvendim nr. 08-1102/2 të datës 17.08.2023,formoi Komision për përcaktimin e kushteve për fillimin me punë të programit studimor të shënuar në pikën 1 të këtij Aktvendimi.

Komisoni, më 18.08.2023, kreu inspektimin dhe përgatiti Raportin me nr. 08-1102/3 të datës 24.08.2023, ku është shënuar se, për programin studimor të ciklit të dytë të studimeve akademike - studime pasdiplomike (60 SETK), në gjuhën angleze, nga "Siguria, kriptografia dhe kodimi", në Fakultetin e Shkencave Informatike dhe Inxhinierisë Kompjuterike pranë Universitetit "Shën Kirili dhe Metodi" në Shkup, janë përmbushur kushtet, në përputhje me dispozitat e përcaktuara me Ligjin për arsim të lartë dhe Rregulloren për normativin dhe standardet për themelimin e institucioneve të arsimit të lartë si dhe për realizimin e veprimtarisë së arsimit të lartë ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 103/10, 168/10 dhe 10/11).

Duke marrë parasysh atë që u theksua, u vendos si në dispozitivin e këtij Aktvendimi.

**KËSHILLË JURIDIKE**: Kundër këtij Aktvendimi, mund të inicohet kontest administrativ, me parashtrimin e ankesës deri te Gjykata Administrative e Republikës së Maqedonisë së Veriut, në afat prej 30 ditëve nga dita e pranimit të këtij Aktvendimi.

Доставено до:
- Високообразовната установа
- Архива

Dorëzuar deri te:
- Institucioni i arsimit të lartë
- Arkivi

изработил/përgatiti: Милена Ефремовска Ефре

**ДИРЕКТОР/ DREJTOR**
**Dr. Agim Rushiti**